Врз основа на член 383 и 479 од ЗТД, член 19 и член 20 од Статутот на ФАКОМ,АД-Скопје Собранието на акционери на ФАКОМ,АД - Скопје, на седницата одржана на ден 26.08.2025 година да ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за оттуѓување на сопствени акции

**Член 1**

Се одобрува отуѓување на 104 (сто и четири) сопствени акции на ФАКОМ АД Скопје. Постапката за отуѓување на сопствени акции ќе се спроведе согласно одредбите од Законот за хартии од вредност.

Член 2

Целта поради која ќе се отуѓуваат сопствените акции е усогласување со законските одреди. Номиналната вредност на една обична акција на ФАКОМ АД Скопје изнесува 51,13 Евра.

Член 3

Сопствените акции кои се предмет на отуѓување се со право на глас, по принципот една акција дава право на еден глас во собранието на друштвото.

Член 4

Купувачите на сопствените акции на ФАКОМ АД Скопје ги стекнуваат сите права од акциите согласно Статутот на Друштвото и законските прописи со денот на уписот во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Член 5

Собранието на друштвото го овластува Управниот одбор на ФАКОМ АД Скопје поблиско да го определи начинот на продажба, да ја определи продажната цена на сопствените акции во согласност со Правилата за тргување на Македоска берза АД Скопје.
Се овластува Управниот одбор на Друштвото, по евентуално барање на Комисијата за хартии од вредност да врши соодветни измени и дополнувања на оваа Одлука, вклучувајќи и соодветни измени согласно промени на законската и подзаконската регулатива и правилата на Македонската берза за хартии од вредност и Централниот депозитар за хартии од вредност.
Се овластува Управниот одбор на Друштвото да ги превземе и сите другите потребни активности и податоци утврдени во Законот за хартии од вредност и другите законски прописи.

Член 6

Оваа Предлог Одлука да се достави до Собранието на акционери на ФАКОМ АД Скопје на усвојување.

Член 7

Оваа Предлог Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**С.О.бр.14**
**26.08.2025 година**
**Скопје**

**ФАКОМ,АД -Скопје**
**СОБРАНИЕ на АКЦИОНЕРИ**
**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**Славица Чикова, Дипл.правник**

ФАКОМ АД